Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија", бр. 190/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1000 на Советот од 16 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив

### Член 1
Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1000 на Советот од 16 јули 2018 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив.

### Член 2
Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Македонија.

### Член 3
Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4
Одлуката (ЗНБП) 2018/1000 на Советот од 16 јули 2018 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 5
Рестриктивните мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив се воведува на неопределено време.

### Член 6
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.44-9819/1**
**13 ноември 2018 година**
**Скопје**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2018/1000

## of 16 July 2018

## amending Decision (CFSP) 2016/1693 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union and in particular Article 29 thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2016/1693 of 20 September 2016 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them and repealing Common Position 2002/402/CFSP [1],

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 20 September 2016, the Council adopted Decision (CFSP) 2016/1693.

(2) In view of the continued threat posed by ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them, one person should be added to the list of persons, groups, undertakings and entities in Annex to Decision (CFSP) 2016/1693.

(3) Decision (CFSP) 2016/1693 should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The Annex to Decision (CFSP) 2016/1693 is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 16 July 2018.

*For the Council*

*The President*

F. MOGHERINI

[1] OJ L 255, 21.9.2016, p. 25.

*ANNEX*

The following person is added to the list set out in Annex to Decision (CFSP) 2016/1693:

'2. Rabah TAHARI (a.k.a. Abu Musab); date of birth: 28 August 1971; place of birth: Oran (Algeria); Nationality: Algerian.'.

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2018/1000 НА СОВЕТОТ**

**од 16 јули 2018 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи ја предвид Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заеднички став 2002/402/ЗНБП ([1]),

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 20 септември 2016 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2016/1693.

(2) Со оглед на постојаната закана од страна на ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, едно лице треба да се додаде на списокот на лица, групи, претпријатија и субјекти во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693.

(3) Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 се изменува како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 16 јули 2018 година.

*За Советот*

*Претседател*

Ф. МОГЕРИНИ

---

[1] Сл. весник L 255, 21.9. 2016 година, стр. 25

# АНЕКС

Во списокот на лица и субјекти утврден во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 се додава следното лице:

‘2 Рабах ТАХАРИ (познат како Абу Мусаб); Rabah TAHARI (a.k.a. Abu Musab); датум на раѓање: 28 август 1971 година; место на раѓање: Оран (Алжир); Националност: Алжирец.“.